# Македонско актуарско здружение „Актуар”

# ПЛАН И ОПЕРАТИВНА ПРОГРАМА

# ЗА 2015 ГОДИНА

Скопје, март 2015 година

**ПЛАН И ПРОГРАМА НА МАКЕДОНСКОТО АКТУАРСКО ЗДРУЖЕНИЕ “АКТУАР”**

Основните цели на Здружението се:

- следење на развојот на научните актуарски дисциплини;
- поттикнување на членовите во активното учество во овој развој;
- изучување и унапредување на практичната примена на актуарските дисциплини;
- соработката со факултетите и останатите научни институции, меѓународни здруженија на актуари и останати сродни здруженија;
- унапредување и обединување на научното и стручно образование и усовршување на актуарите.

Заради остварување на своите цели Здружението за 2015 г. ги планира следните активности:

- Носење акти со цел усогласување со правилата и праксата на IAA;
- Носење акти со цел усогласување со регулативата од обласа на актуарството во РМ;
- Изготвување годишен извештај за работа, финансиски извештај и програма за работа;
- Одржување работни средби на комитетите и работните групи на Здружението со цел размена на искуства, следење на работата на актуарите во поглед на почитување на начелата на актуарската етика, примена на актуарските стандарди и потребниот квалитет во работата, размена на знаења и искуства;
- Учество со стручни мислења во подготвувањето на закони и прописи кои имаат допирни точки со примена на актуарството;
- Постојано дејствување во насока на промоција и унапредување на актуарската професија во Република Македонија преку организација на работилници и семинари со цел обезбедување на континуирана професионална едукација, а во насока на изучување и усовршување на практичната примена на актуарските дисциплини и разменување на искуства на актуарите за актуелни теми од тековното работење. Во текот на 2015 планирана е реализација на следните работилници и семинари:
    - Работилница на тема Реосигурување – практична примена во соработка со GRAWE AUSTRIA.
    - Семинар на кој ќе бидат опфатени теми од Солвентност 2 во соработка со NN Group, Холандија

- Семинар на кој ќе бидат опфатени теми од областа на реосигурување во соработка со АСО и DNB Холандија.

- Учество во Европската образовна програмата Еразмус+, со цел обезбедување обука на членовите на Здружението во друга земја-партнер.

- Продолжување на соработката со други здруженија и склучување нови меморандуми за соработка со сродни здруженија со цел унапредување, афирмација и промоција на актуарската професија.

- Соработка со Меѓународната Актуарска Асоцијација, продолжување на подготвителните активности со цел стекнување статус на полноправна членка на Меѓународната Актуарска Асоцијација и учество на семинари во организација на Меѓународната Актуарска Асоцијација.

- Учество на Семинари организирани од страна на IAA на теми Education Syllabuses и Professional Standards

**Претседател на Здружението,**
Владимир Стојаноски